30334

13046,

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Петок 20 мај 1983 год. ● стр. 8

Средби на Игрите »Војдан Чернодрински«

# БОГАТСТВО ОД МОТИВИ

**● НИЕ СМЕ ЗАДСЦЕНСКИ РАБОТНИЦИ ВО ТЕАТАРОТ — ВЕЛИ СЦЕНОГРАФОТ ОД БИТОЛА ПЕТАР АНГЕЛОВСКИ КОЈ СО ИЗЛОЖБАТА ВО ДОМОТ НА КУЛТУРАТА ВО ПРИЛЕП ОДБЕЛЕЖУВА 30 ГОДИНИ ОД СВОЈАТА ДЕЈНОСТ**

Во фоајето на Домот на културата „Марко Цепенков" во Прилеп во кој годинава претежно се одржуваат двата програма на Театарските игри „Војдан Чернодрински", е поместена изложбата на сценографски скици макети на Петар Ангеловски, сценограф од Битола. На изложбата се поместени 35 скици за претстави и шест макети. Среде тој простор во кој од сите страни на вираат секавањата за сценографските решенија на Ангеловски изработени во најголем дел на сцената во Битола, потоа во Прилеп Штип, Куманово, Скопје Ангеловски ни раскажува, за својот самопрегор, за својата дејност на театарската сцена.

**● Со оваа изложба заокружувате период од три децении работа на театарските сцени во Македонија. Таа е и сведоштво за нашиот театар!**

Мојата прва ваква изложба е наменска и не претставува некој поцело сен увид во мојата работа. Затоа пак, во вистинската смисла на зборот — избор на најдоброто што го имам создадено за овие три децении — ќе направам следната година, во рамките на 40 годишнината од професионалниот театарски живот на мојата матична куќа — Народниот театар во Битола.

**● Досега имате сценографирано повеќе од 200 претстави, „веројатно во подеднаква мера" работени врз текстови од домашни и странски автори. Можете ли да ни кажете кои текстови ви биле поинтересни за работа?**

— Не сум бил во ситуација да одбирам. Многу често сум морал да „одам" од претстава во претстава. Колку е ова лошо толку е и добро, зашто овозможува богатство на мотиви. стилови, провокации и постојана мобилност а, со тоа, и откривање на широка лепеза на сознанија. Процентот на мојата работа врз домашните или странски автори е, ми се чини, некаде на половина. Меѓу тоа, секогаш далеку поинтересен ми бил домашниот текст иако, морам да кажам, тој секогаш бил и потешка задача. Сум работел и по неколку пати врз еден ист текст, поставен на неколку сцени. Но, секогаш на новата задача и пријоѓам со нови искуства, нови творечки провокации. Така, чинам, никогаш не сум се повторил, иако тоа по некогаш режисерите го барале од мене.

**● И покрај долгогодишното искуство и покрај неколкуте награди добиени токму на овој Фестивал, вакивот творечки опус, во огромен дел е свртен кон Битолски театар .**

— Ова е разбирливо. Јас првата сценографија ја направив за сцената на Народниот театар во Прилеп. Дури подоцна поминав во колективот на Театарот во Битола. Да потсетам: со години работев на најлошата сцена во Македонија — како објект — битолскиот стар театар. Сега, условите се сосема поинакви. Меѓутоа, јас успеав да ги сочувам сите скици и ете, сега и ги понудив на публиката. Судејќи по сè, ефектот на прикажаното е успешен. На крајот, ние сценографите сме задсценски работници во театарот. Затоа ова и е една од ретките прилики за директен контакт меѓу публиката и сценографијата. Публиката нас не познава само по она што ќе го види на сцената. Адне ед наш, се случило реализацијата и идејата да билат во расчекор. Затоа, моите сценографски скици, вака прикажани, публиката ги прима како неспоредливо поголема импресија — нас проти досегашните парцијални средби.

**Л. Мазова**

ОВНО

ИНАТ

ОДДЕЛЕ-
ИХ МО-
ГРИЖЕ-